Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА



**март 2025 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

**СОДРЖИНА**

**Р Е З И М Е** ..... 2
**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ..... 3
Индустриско производство ..... 3
Број на работници во индустријата ..... 4
Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ..... 5
Индекси на прометот во индустријата ..... 6
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 6
Број на извршени градежни работи по видови објекти ..... 7
Промет во секторот трговија ..... 8
Инфлација ..... 8
Берзански цени ..... 10
**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ..... 12
Извоз ..... 13
Увоз ..... 13
Салдо на трговска размена ..... 15
Валутна структура ..... 15
**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ..... 15
Буџетски приходи и расходи според економската класификација ..... 15
Расходи по буџетски корисници ..... 18
**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ..... 19
Новоовработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 19
Плати ..... 20
Пензии ..... 21
**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ..... 22
Примарни пари ..... 22
Депозитен потенцијал ..... 22
Кредити на банките ..... 23
Каматни стапки на депозитни банки ..... 24
Пазар на капитал ..... 24
Девизни резерви ..... 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## март 2025 година

- Во март 2025 година, индустриското производство забележа раст од 5,2% во споредба со истиот месец претходната година;
- Во март 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,3% во споредба со истиот месец минатата година;
- Прометот во индустријата во март 2025 година во однос на март 2024 година бележи раст од 1,8%;
- Стапката на инфлација во март 2025 година изнесува 2,7% на годишно ниво и овој месец е речиси преполовена, односно регистрира забавување на растот (5,0% во февруари 2025 година). На месечно ниво инфлацијата бележи пад од 1,3%;
- Во периодот јануари - март 2025 година, извозот забележа минимален пад од 0,04%, а увозот раст од 1,3%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 4,4% споредено со истиот период од 2024 година;
- Во периодот јануари – март 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 76.917 милиони денари, што претставува 21,4% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 10,8% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – март 2025 година изнесува 85.772 милиона денари, што претставува 21,4% од годишниот план и бележи зголемување за 2,0% во однос на истиот период од 2024 година;
- Во март 2025 година, вкупните кредити се зголемија за 12,3% во споредба со март 2024 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 12,7%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во март 2025 година, индустриското производство забележа раст од 5,2% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторите: Преработувачка индустрија за 4,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 12,9%, додека намалување на производството се забележува во секторот Рударство и вадење камен за 1,5%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во март 2025 година бележат 13 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 50,2% од вкупната индустрија.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од гранките со повисока додадена вредност, раст во март 2025 година е забележан кај производството на метали за 6,7%, со придонес од 0,2 п.п., производството на електрична опрема за 15,1% со придонес од 1,1 п.п., и производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 7,1% со придонес од 1,2 п.п., додека намалување бележи единствено гранката производство на машини и уреди за 27,0% со придонес од -1,5 п.п..

Од традиционалните гранки, во март 2025 година, зголемување на производството се забележува кај гранките: производството на тутунски производи за 51,5% со придонес од 0,5 п.п., производството на кожа за 14,3% со придонес од 0,1 п.п. и преработката на дрво и производи од дрво и плута за 90,0% со придонес од 0,8 п.п., додека намалување на производството се забележува кај гранките: производство на облека за 3,3% со придонес од -0,2 п.п., производство на пијалаци за 0,4% со придонес од 0,0 п.п., производство на текстил за 13,5% со придонес од -0,6 п.п. и прехранбена индустрија за 4,1%, со придонес од -0,4 п.п..

Во март 2025 година, споредено со истиот месец минатата година, индустриското производство според намената на произведените единици е зголемено во групите: Енергија (раст од 13,8% со придонес од 1,2 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 24,3% со придонес од 7,3 п.п.), а намалено во групите: Капитални производи (пад од 8,4% со придонес од -2,2 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 8,6% со придонес од -0,4 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 3,0% со придонес од -0,9 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, март 2025 година)*




**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, март 2025 година)*




Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - март 2025 година е регистриран во следните групи: Интермедијарни производи, освен енергија (за 17,8%), Трајни производи за широка потрошувачка (за 7,2%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 0,2%), додека пад се бележи во групите: Енергија (за 2,5%), и Капитални производи (за 9,7%).

## Број на работници во индустријата

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Во март 2025 година, бројот на работници во индустријата е намален за 4,3% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,1%, Преработувачка индустрија за 4,5%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,8%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на машини и уреди, неспоменати на друго место за 25,9%, производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати за 7,6%, и производство на пијалаци за 4,4%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во март 2025 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Трајни производи за широка потрошувачка за 13,4%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - март 2025 година бележи пад за 3,9%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,0%, Преработувачка индустрија за 4,2%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,6%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - март 2025 година е зголемен само во секторот Трајни производи за широка потрошувачка за 17,8%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во март 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,3% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 4,2%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 19,1% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,8%. Продажните цени во секторот Рударство и вадење камен се непроменети.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




Во март 2025 година во споредба со март 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 17,5%, Интермедијарни производи, освен енергија за 4,5%, Производи за широка потрошувачка за 4,1% и Нетрајни производи за 4,4%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – март 2025 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,6%, што се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 4,2%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 20,7% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,8%, додека намалување на продажните цени има во секторот Рударство и вадење камен за 0,7%.

Во периодот јануари - март 2025 година во споредба со истиот период минатата година се забележува зголемување на продажните цени на производителите на индустриски производи, и тоа во групите: Енергија за 18,9%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,0%, Производи за широка потрошувачка за 5,3% и Нетрајни производи за 5,6%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во март 2025 година во однос на март 2024 година бележи раст за 1,8%. Растот се должи на зголемениот промет во двата сектора Рударство и вадење на камен за 4,3% и Преработувачка индустрија за 1,7%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во март 2025 година во споредба со истиот месец претходната година, прометот во индустријата се зголеми во групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 4,9%, Трајни производи за широка потрошувачка за 0,6% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 2,1%, додека пад се забележува само во групата Капитални производи за 0,1%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во март 2025 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на останата опрема за транспорт (раст од 54,1%);
- Производство на тутунски производи (раст од 39,8%) и
- Производство на електрична опрема (раст од 27,6%).

На кумулативна основа, во периодот јануари - март 2025 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустрија бележи раст за 2,9%, што се должи на зголемениот промет во двата сектора - Рударство и вадење камен за 14,6% и Преработувачка индустрија за 2,5%.

Во периодот јануари - март 2025 година во споредба со периодот јануари – март 2024 година прометот во индустрија се зголеми во сите групи: Интермедијарни производи, освен енергија за 7,2%, Капитални производи за 1,6%, Трајни производи за широка потрошувачка за 3,6% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,6%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Во март 2025 година издадени се вкупно 334 одобренија за градење, што претставува раст од 4,0% во однос на истиот месец од 2024 година. Тоа се должи на годишниот раст на издадени одобренија за градење за објекти од реконструкција за 18,1% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 25,4%), додека кај издадените одобренија за градење за објекти од високоградба има пад за 4,1%.

Споредено со февруари 2025 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 22,8%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во март 2025 година е повисока за 244,2% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст за 311,2%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 185 (или 55,4%) се наменети за објекти од високоградба, 64 (или 19,2%) за објекти од нискоградба и 85 (или 25,4%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 334 издадени одобренија за градење, на 149 објекти (или 44,6%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 185 објекти (или 55,4%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во март 2025 година предвидена е изградба на 685 станови со вкупна корисна површина од 57.039м². Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 7,9% на месечно ниво, а намален за 32,4% на годишно ниво.

**Графикон 1.9:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(март 2025)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.10:** Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*




**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)




## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во февруари 2025 година изнесува 2.579 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 34,1%, при што раст се забележува кај високоградбата, и тоа за 117,3%, кај нискоградбата за 1,1%, а кај специјализираните градежни работи за 94,4%. Споредено со јануари 2024 година, вкупната вредност на извршените градежните работи бележи раст од 46,4%, и тоа кај високоградбата за 104,4%, кај нискоградбата за 21,0%, а кај специјализираните градежни работи за 20,0%. Кумулативно, во периодот јануари – февруари 2025 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 4.341 милион денари, што е за 6,1% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во периодот јануари - февруари 2025 година се извршени градежни работи во вредност од 2.522 милиона денари, односно за 11,8% помалку во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се зголеми за 46,5% и изнесува 1.633 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи вредноста на извршените работи изнесува 185 илјади денари, односно 59,8% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - февруари 2025 година се зголеми за 7,9%, при раст кај високоградбата (49,0%) и кај специјализираните градежни работи (62,6%), додека кај нискоградбата се забележува пад (10,3%).

## Промет во секторот трговија

Во март 2025 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен пад на прометот за 1,0%, по растот од 4,1% во февруари 2025 година. Вредноста на прометот во март 2025 година изнесува 64.757 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - март 2025 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 189.355 милиони денари, што е за 2,2% повеќе во однос на истиот месец минатата година.

**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)




Кумулативно, во периодот јануари - март 2025 година, позитивен раст на прометот е забележан во секторите трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 102.728 милиони денари, што е за 2,4 % повеќе во споредба со иститот месец минатата година и трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 75.635 милиони денари, односно за 2,9% повеќе во однос на истиот месец минатата година, додека пад е забележан кај трговија со моторни возила и поправки, каде што вредноста на прометот за тој период изнесува 10.992 милиона денари или за 4,6% помалку во однос на истиот месец минатата година.

На реална основа, во март 2025 година трговијата на мало не бележи промена, додека анализирано по групи и класи, зголемување се забележува во групите: трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 1,3% и трговија на мало со автомобилски горива за 0,4%, додека намалување се забележува во групата трговија на мало со непрехранбени продукти за 2,3%.

Во март 2025 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (54,1%), а потоа следуваат Трговија на мало (39,3%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (6,6%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во март 2025 година изнесува 2,7% на годишно ниво и овој месец е речиси преполовена, односно регистрира забавување на растот (5,0% во февруари 2025 година). Растот на инфлацијата во март во најголем дел произлегува од базичната компонента, при што овој месец беше регистрирано значително намалување на притисокот од прехранбената компонента. Просечната инфлација во периодот јануари - март 2025 година изнесува 4,2% на годишно ниво.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk







Во март 2025 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) регистрира забавување споредено со претходниот месец и изнесува 4,8% на годишна основа (5,7% во февруари). Овој месец, најголем позитивен придонес имаат зголемените цени од категоријата Ресторани и хотели (1,4 п.п.). Базичната инфлација, два месеца по ред, регистрира забавување на растот.

Во март 2025 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци изнесуваа 2,1% и забележаа значително забавување на растот во споредба со претходниот месец (6,6% во февруари), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во март изнесува 0,9 п.п. и тој е намален за 1,8 п.п. во споредба со претходниот месец. Цените во категоријата храна регистрираат забавување поради новата мерка[1] на Владата за ограничување на маржите на повеќе групи основни производи. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: безалкохолни пијалаци (годишен раст од 12%, придонес од 0,3 п.п), зеленчук (годишен раст од 3,4%, придонес од 0,2 п.п.) и млеко, сирење и јајца (годишен раст од 2,6%, придонес од 0,2 п.п.).

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во март 2025 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 12,0% (придонес во растот на вкупната инфлација од 0,7 п.п.).

[1] Од 20.2.2025 година стапи на сила одлуката за ограничување на маржите на 102 групи основни прехранбени производи и средства за хигиена и ограничување на цените на 8 групи најосновни прехранбени производи. Мерките ќе траат заклучно со 30.4.2025 година. Со одлуката за ограничување на бруто профитната маржа во трговијата на големо и мало се опфатени 102 групи производи, односно:

-5% бруто профитна маржа на осумте основи прехранбени производи;
-10% бруто профитна маржа на прехранбени производи, во кои спаѓаат 55 прехранбени производи (месо и преработки од месо, шеќер, млечни производи, маргарин, путер, конзервирани зеленчук и овошје, грав, ориз и тестенини);
-15% бруто профитна маржа на 39 прехранбени производи и средства за хигиена (свежо овошје и зеленчук, детергенти, бебешка храна, пелени, сапун, тоалетна хартија и др.

Раст на цените е регистриран и во следните категории: Рекреација и култура од 6,0%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,2%[2], Разновидни стоки и услуги од 3,8%, Здравствена заштита од 3,8%, Облека и обувки од 3,4%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 3,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 2,0%, Комуникации од 1,8% и Образование од 0,3%. Намалување на цените е регистрирано во категоријата Транспорт од 3,8%.

Во март, потрошувачките цени се намалија за 1,3% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,5%). Намалувањето на цените на месечно ниво се должи, пред сè, на намалувањето на цените на храната (придонес во падот од 1,2 п.п.). Овој месец цените на храната се намалија за 3,0% на месечно ниво, што е резултат на мерката на Владата за ограничување на маржите[1], при што најголем пад е регистриран кај производите опфатени со мерката, односно намалување на цените има кај месото, лебот и житата, млекото, сирењето, јајцата и зеленчукот.

Во март 2025 година, цените на мало се зголемија за 2,2% на годишно ниво и забележуваат забавување на растот. На месечна основа, цените на мало регистрираа пад од 0,9%.

Во март 2025 година, стапката на инфлација во еврозоната се намали за 0,1 п.п. во споредба со февруари 2025 година и изнесуваше 2,2%[3]. Согласно проекциите на ЕЦБ, од стапката на инфлација, на краток рок се очекува благо намалување на 2,3% во 2025 година, пред да се намали на 1,9% во 2026 година и 2,0% во 2027 година. Во 2025 година се очекува мало намалување на вкупната инфлација. Ова главно се должи на повисоката инфлација на цените на храната и нагорните базни ефекти на цените на енергијата, кои во голема мера ги неутрализираат надолните влијанија од опаѓачката инфлација. Како што исчезнуваат основните ефекти во енергетската инфлација, намалување на вкупната инфлација се очекува на почетокот на 2026 година.

Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




## Берзански цени

Во март 2025 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 3,4% на месечно ниво и изнесува 72,6 долари за барел. Намалувањето се должи на повеќе фактори, како што се зголемената понуда на нафта на земјите коишто не се дел од ОПЕК+ и воведувањето на трговските царини кои ја зголемија загриженоста за глобалниот економски раст, што може да ја намали побарувачката за нафта. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 15,1%.

[2] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, со што акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година. Во октомври 2024 година беше воведена нова цена на тутунот.

[3] Податокот е процена на Евростат

Во март 2025 година, цената на природниот гас се намали за 8,5% на месечно ниво. Падот на цената на гасот е под влијание на неколку фактори, меѓу кои и временските услови кои ја намалија вкупната побарувачка, како и воведувањето на трговските царини кои создадоа несигурност на пазарот. Дополнително, домашното производство остана стабилно, што помогна да се стабилизираат цените. Овој месец, цената на природниот гас се зголеми за 54,7% на годишно ниво.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) во март 2025 година, цената на електричната енергија изнесува 109,02 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше пад од 31,4%. Овој месец цените на електричната енергија се намалија поради неколку фактори. Во Европа, цените паднаа како резултат на намалената побарувачка, зголеменото производство на енергија од обновливи извори и намалувањето на цените на гасот. Овој месец, цената на електричната енергија се зголеми за 65,1% на годишно ниво.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во март 2025 година, цените на повеќето основни метали регистрираа зголемување на месечно ниво: на калајот за 7,0%, на никелот за 5,1%, на бакарот за 4,4%, на оловото за 3,9% и на цинкот за 3,2%. Цената на алуминиумот остана непроменета на месечно ниво. Цената на железната руда регистрираше пад од 4,7% на месечно ниво.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

На месечна основа, во март 2025 година цените на благородните метали регистрираа раст на месечно ниво, па така цената на златото се зголеми за 3,1%, на среброто за 3,2% и на платината за 0,2%.

Овој месец, цените на пченката и пченицата се намалија на месечна основа за 6,1%, и 6,6%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 1,0% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | 163,7 | 74,4 | 492,7 |
| XII | 143,9 | 73,8 | 490,3 |
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите три месеци од 2025 година изнесува 4.701,1 милион евра и бележи раст од 0,7% во однос на истиот период од минатата година.

Во периодот јануари - март 2025 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 3,3 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 60,1%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите три месеци од 2025 година изнесува 21,2% и е намалено за 3,0 п.п. во однос на истиот период од 2024 година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор:

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите три месеци од 2025 година изнесува 1.928,6 милиони евра и бележи минимален пад од 0,04% (0,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 0,3% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во март 2025 година изнесува 699,2 милиона евра и бележи пад од 3,1% (22,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 3,5% споредено со март 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во март 2025 година извозот бележи раст од 7,5% (48,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 1,0%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (8,4 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Извор: ДЗС.

Вредноста на извозот на храна во првите три месеци од 2025 година е зголемена за 5,0 милиони евра, што претставува раст од 4,3% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на извезената храна е зголемена за 0,8%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите три месеци од 2025 година изнесува 6,3% и е зголемено за 0,3 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (41,5%), жита и преработки од жита (25,4%), кафе, чај, какао и зачини (7,9%) и млечни производи и јајца (7,5%).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите три месеци од 2025 година изнесува 2.772,6 милиони евра и бележи раст од 1,3% (35,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 10,1%.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:**Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во март 2025 година изнесува 937,9 милиони евра и бележи пад од 5,5% (54,8 милиони евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а увезените количини стоки се зголемени за 0,4% споредено со март 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во март 2025 година увозот бележи пад од 4,8% (47,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 7,9%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (3,1 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите три месеци од 2025 година е зголемена за 8,9 милиони евра, што претставува раст од 3,4% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на увезената храна е намалена за 3,0%. Во првите три месеци од 2025 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,6% и е зголемено за 0,2 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (20,6%), овошје и зеленчук (17,3%), жита и преработки од жита (13,2%), кафе, чај, какао и зачини (11,5%) и млечни производи и јајца (10,1%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2024 | I-III-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 32,1 | 17,2 | -14,9 | -46,5 |
| Мил. ЕУР | 24,8 | 12,9 | -11,8 | -47,8 |
| Мил.$ | 26,9 | 13,5 | -13,3 | -49,6 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2024 | I-III-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 262,1 | 240,5 | -21,7 | -8,3 |
| Мил. ЕУР | 201,0 | 169,1 | -31,9 | -15,9 |
| Мил.$ | 218,3 | 177,5 | -40,7 | -18,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2024 | I-III-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 8,7 | 16,1 | 7,4 | 85,5 |
| Мил. ЕУР | 483,8 | 412,7 | -71,1 | -14,7 |
| Мил.$ | 525,0 | 434,5 | -90,5 | -17,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2024 | I-III-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 7,6 | 7,5 | -0,1 | -1,1 |
| Мил. ЕУР | 47,1 | 44,9 | -2,2 | -4,7 |
| Мил.$ | 51,1 | 47,3 | -3,8 | -7,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2024 | I-III-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 184,0 | 184,5 | 0,6 | 0,3 |
| Мил. ЕУР | 144,2 | 138,3 | -5,9 | -4,1 |
| Мил.$ | 156,6 | 145,5 | -11,1 | -7,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2024 | I-III-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 162,4 | 210,6 | 48,2 | 29,7 |
| Мил. ЕУР | 113,4 | 133,3 | 19,9 | 17,5 |
| Мил.$ | 123,2 | 140,5 | 17,4 | 14,1 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во март 2025 година, трговскиот дефицит се намали за 12,0%, односно 32,5 милиони евра споредено со март 2024 година.

Во периодот јануари - март 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 4,4% односно 35,8 милиони евра споредено со истиот период минатата година.




**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*
Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, горива и мазива, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во првите три месеци од 2025 година, 91,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Србија, Полска, Италија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Унгарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,9% од трговската размена во периодот јануари - март 2025 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2024 година претставува намалување за 2,0 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 92,6% и 89,7%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 3,3 п.п, а кај увозот за 1,1 п.п. во однос на периодот јануари – март 2024 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - III - 2024 | | | | | I - III - 2025 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 1.486,4 | 2.487.059.909 | 61,6205 | 153.253.875.108 | 90,8 | 1.627,5 | 2.487.818.633 | 61,5742 | 153.185.442.101 | 89,7 | 758.725 | 0,03 |
| УСД | 121,8 | 240.355.291 | 56,7386 | 13.637.422.718 | 8,1 | 142,3 | 274.700.823 | 58,5759 | 16.090.847.932 | 9,4 | 34.345.532 | 14,3 |
| ГБП | 0,9 | 7.725.216 | 71,9579 | 555.890.286 | 0,3 | 0,5 | 4.802.533 | 73,6918 | 353.907.312 | 0,2 | -2.922.682 | -37,8 |
| ЕУР+УСД+ ГБП | 1.609,1 | | | 167.447.188.112 | 98,9 | 1.770,3 | | | 169.630.197.346 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 1.613,4 | | | 168.706.403.335 | 100,0 | 1.775,8 | | | 170.724.803.369 | 100,0 | | 1,2 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – март 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 76.917 милиони денари, што претставува 21,4% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 10,8% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година. Во рамки на вкупните приходи, 67.635 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 21,2% од планираниот износ за 2025 година, односно се забележува раст од 6,2% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 41.366 милиони денари (реализација од 20,8% од планираниот износ за 2025

година), додека придонесите се реализирани во износ од 25.933 милиони денари (годишен раст од 8,5%, односно 22,2% од планираниот износ за 2025 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 2,2%, данок на додадена вредност за 6,0%, акцизи за 7,3% и увозни давачки за 15,8%, додека приходите по основ на данокот на добивка бележи намалување за 3,0%, а другите даночни приходи за 23,4%. Во овој период, неданочните приходи бележат зголемување за 45,3%, приходите по основ на странски донации за 217,1%, додека капиталните приходи бележат намалување за 2,0%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – март 2025 година изнесува 85.772 милиона денари, што претставува 21,4% од годишниот план и бележи зголемување за 2,0% во однос на истиот период од 2024 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 81.537 милиони денари или 23,1% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 5,8% во однос на истиот период од 2024 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 10,2%, стоки и услуги за 3,6% и кај каматните расходи за 9,2%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 4,7%, водени од растот кај социјалните трансфери за 9,4%, расходите за здравствена заштита за 10,8%, блок и наменските дотации за 6,9%. Расходите за субвенции и трансфери се намалени за 25,5%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 4.235 милиони денари и се пониски за 39,6% во споредба со истиот период од 2024 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во периодот јануари – март 2025 година во однос на планираниот износ изнесува 9,0%.

**Табела 3.1. Извршување на Буџетот на РСМ во периодот јануари – март 2025 година**

| | Буџет 2025 | Јануари - март 2025 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **358.838** | **76.917** | **10,8%** | **21,4%** |
| **Даноци и придонеси** | **319.234** | **67.635** | **6,2%** | **21,2%** |
| Даноци | 198.607 | 41.366 | 4,8% | **20,8%** |
| Данок на личен доход | 35.676 | 7.310 | 2,2% | **20,5%** |
| Данок на добивка | 23.287 | 5.458 | -3,0% | **23,4%** |
| ДДВ | 86.692 | 18.130 | 6,0% | **20,9%** |
| Акцизи | 35.388 | 6.843 | 7,3% | **19,3%** |
| Увозни давачки | 16.255 | 3.409 | 15,8% | **21,0%** |
| Други даночни приходи | 1.309 | 216 | -23,4% | **16,5%** |
| Придонеси | 117.095 | 25.933 | 8,5% | **22,1%** |
| **Неданочни приходи** | **26.302** | **7.216** | **45,3%** | **27,4%** |
| **Капитални приходи** | **3.510** | **195** | **-2,0%** | **5,6%** |
| **Странски донации** | **9.792** | **1.871** | **217,1%** | **19,1%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **400.188** | **85.772** | **2,0%** | **21,4%** |
| **Тековни расходи** | **353.032** | **81.537** | **5,8%** | **23,1%** |
| Плати и надоместоци | 48.141 | 11.275 | 10,2% | **23,4%** |
| Стоки и услуги | 26.325 | 4.746 | 3,6% | **18,0%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери | 257.721 | 57.785 | 4,7% | **22,4%** |
| Социјални трансфери | 191.046 | 44.705 | 9,4% | **23,4%** |
| ПИОСМ | 119.995 | 28.603 | 10,3% | **23,8%** |
| Паричен надоместок за невработени лица | 3.439 | 381 | -1,6% | **11,1%** |
| Социјална помош | 15.080 | 3.742 | -0,1% | **24,8%** |
| Здравствена заштита | 52.531 | 11.979 | 10,8% | **22,8%** |
| Други трансфери | 64.211 | 12.644 | -8,7% | **19,7%** |
| Камата | 20.845 | 7.731 | 9,2% | **37,1%** |
| **Капитални расходи** | **47.156** | **4.235** | **-39,6%** | **9,0%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-41.350** | **-8.855** | **-39,6%** | **21,4%** |

Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-март 2025 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари-март 2025 година




Извор: Министерство за финансии

Во периодот јануари – март 2025 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 8.855 милиони денари, што претставува 0,9% од проектираниот БДП за 2025 година, односно 21,4% од годишниот план.

**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари-март 2025 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – март 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 21.729 милиони денари или 31,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (76,4%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што беа потрошени 16.603 милиони денари или 34,6% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 16,9% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 25,9% (3.680 милиони денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 9.931 милион денари, што е 22,9% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (57,4%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што беа потрошени 5.705 милиони денари или 23,8% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 22,3%, за што беа потрошени 2.211 милиони денари, односно 23,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – март 2025 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 3.846 милиони денари, што претставува 24,0% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 63,3%, за што беа потрошени 2.434 милиони денари или 24,7% од планираното. Втора најзначајна ставка е капитални расходи со учество од 19,5%. За таа намена беа реализирани 749 милиони денари или 32,3% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 1.079 милиони денари што претставува 13,2% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 89,5% во вкупните расходи, беа реализирани 13,7% од планираните средства за цела година, односно 966 милиони денари.

Во периодот јануари – март 2025 година, Министерството за одбрана реализира 4.740 милиони денари, што е 23,2% од вкупниот буџет за оваа година. Капитални расходи има најголемо учество во расходите со 37,8%, па за таа намена реализацијата изнесува 1.791 милион денари (21,0% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествуваат со 33,0% во вкупните расходи и за оваа ставка беа потрошени 1.566 милион денари, односно 23,1% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – март 2025 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 903 милиони денари, односно 13,1% од планираните средства за 2025 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 55,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а беа реализирани во износ од 499 милиони денари (9,6% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 1.195 милиони денари или 15,3% од вкупниот буџет за 2025 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 48,1%, за што беа потрошени

575 милиони денари или 16,4% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со реализација од 519 милиони денари (14,8% од планираното за годината) и учество од 43,4% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – март 2025 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 612 милиони денари, што е 3,4% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 70,5% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (431 милион денари или 2,6% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 402 милиона денари, што претставува 21,8% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (193 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 47,9%, а притоа беа реализирани 22,6% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 33,4% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 134 милиони денари или 21,8% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во март 2025 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 46.197 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2024 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 6,5%.

Од вкупниот број нововработени, 44,3% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во февруари 2025 година, 13,7% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во март 2025 година изнесува 140.079, од кои 95.575 лица се активни баратели на работа, а 44.504 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 8,6%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на февруари 2025 година, бројот на невработени е намален за 1.900 лица.

Најголем дел од активните невработени лица (59,1%) е градско население, а според половата структура 48,2% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,7% е со непотполно средно образование или помалку, 23,7% со завршено средно образование, а 7,6% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,0% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 59,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во февруари 2025 година изнесувала 43.053 денари и остварила годишен раст од 9,6%, а во однос на јануари 2025 година таа остана непроменета. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на февруари 2024 година се забележува во следните сектори: Дејности во врска со недвижен имот (16,6%), Преработувачка индустрија (11,5%) и Образование (11,4%). Во февруари 2025 година, реалните плати забележаа годишен раст од 4,4%. Највисока просечна нето-плата во февруари 2025 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (83.409 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (104.721 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 58.219 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 56.199 денари и секторот Рударство и вадење камен со 51.799 денари.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, февруари 2025 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во февруари 2025 година изнесувала 64.634 денари и споредено со истиот месец од 2024 година пораснала за 9,6%, а на месечна основа таа е пониска за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во февруари 2025 година во однос на февруари 2024 година се забележува во следните сектори: Дејности во врска со недвижен имот (16,1%), Преработувачка индустрија и Образование (11,5%) и Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (11,1%).

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

## Пензии

Во март 2025 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 344.435 пензионери. Во септември 2024 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2024 година има линеарно покачување на сите видови пензии за 2500 денари. Со исплата на зголемената мартовска пензија за 2.500 денари, се заокружи циклусот за линеарно покачување на пензиите. Од вкупниот број пензионери, 71,2% се корисници на старосна пензија или 245.404 пензионери, 21,5% на семејна пензија или 74.050 пензионери и 7,3% на инвалидска пензија, односно 24.981 пензионер.

Просечната пензија во март 2025 година изнесува 26.199 денари, што е за 23,6% повисока во однос на истиот месец од 2024 година[4]. Просечната старосна пензија во март 2025 година изнесува 27.841 денар, просечната инвалидска пензија 23.722 денара, а просечната семејна пензија 21.592 денара. Овој месец за исплата на пензиите беа потрошени 7.930 милиони денари, што претставува 50,5% од вкупните социјални трансфери.

Соодносот на просечната пензија во март 2025 година со просечната исплатена плата во февруари 2025 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,0%.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за март 2025 година

| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
|---|---|---|---|
| Старосни | 245.404 | 71,2% | 27.841,00 |
| Инвалидски | 25.981 | 7,3% | 23.722,00 |
| Семејни | 74.050 | 21,5% | 21.592,00 |
| Вкупно | 344.435 | 100,0% | 26.199,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 34 | | 15.932,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 721 | | 34.929,00 |
| **Вкупно** | 345.190 | | 26.216,00 |

**Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија**

[4] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во март 2025 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 5,35%, при поизразени ризици од надворешното окружување. Одлуката за постепено олабавување на монетарната политика се заснова на оцената на инфлацијата и поволните движења на девизниот пазар.

Во март 2025 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 3,95% и 4,00%, соодветно.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (март 2025 година)




Извор: НБРСМ.

### Примарни пари

Во март 2025 година, примарните пари[5] се зголемија за 2,5% на месечно ниво. Зголемувањето на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 4,6% и готовите пари во оптек за 0,4%.

Во март 2025 година, примарните пари се зголемија за 20,9% на годишно ниво, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 30,7% и на готовите пари во оптек за 12,6%.

### Депозитен потенцијал[6]

Во март 2025 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,6% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се зголемија за 3,0%, додека депозитите на домаќинствата се намалија за 0,1%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во март 2025 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се намалија за 1,0%, додека депозитите во странска валута се зголемија за 2,9%.

Во март 2025 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 12,7% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 17,3%, а депозитите во странска валута за 6,7%.

---

[5]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[6]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 13,3% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 12,9%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (март 2025 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***598.590*** | ***0,6%*** | ***12,7%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *351.971* | *-1,0%* | *17,3%* |
| *Странска валута* | *246.619* | *2,9%* | *6,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *228.806* | *3,8%* | *6,1%* |
| *Долгорочни* | *149.846* | *-0,7%* | *20,5%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***504.507*** | ***1,0%*** | ***12,3%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *312.856* | *1,5%* | *19,1%* |
| *Странска валута* | *191.651* | *0,1%* | *2,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *79.423* | *1,4%* | *14,8%* |
| *Долгорочни* | *409.584* | *1,1%* | *12,5%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се зголемија за 6,1%, а долгорочните депозити за 20,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 58,8%.

## Кредити на банките

Во март 2025 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,0% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 0,9% и на кредитирањето на домаќинствата за 1,1%

Од аспект на валутата, денарските и девизните кредити се зголемија на месечно ниво, и тоа за 1,5% и 0,1%, соодветно.

На годишна основа, во март 2025 година вкупните кредити се зголемија за 12,3%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 15,3% и 9,6%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 19,1%, а кредитите во странска валута за 2,7%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 12,5%, а краткорочните кредити од 14,8%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во март 2025 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,15%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,05 п.п. и изнесува 5,63%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,03 п.п. и изнесува 4,42%.

Во март 2025 година, вкупната каматна стапка на депозитите се намали за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,18%. Каматната стапка на денарските депозити остана непроменета и изнесува 2,73%, додека каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 1,65%

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,37%, а на новоодобрените девизни кредити 3,82%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,57% и 1,76%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во март 2025 година се намали за 33,6% на месечно ниво, во услови на пад на прометот од блок трансакциите за 85,1% и намалувањето на прометот од класичното тргување за 19,6%.

Вкупниот промет на берзата во март 2025 година изнесува 443 милиони денари, што претставува намалување за 30,1% на годишно ниво.

На крајот на март 2025 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 10.558,4 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 1,0%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е зголемен за 49,4%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на март 2025 година е 4.788,1 милион евра и во однос на претходниот месец тој е намален за 1,5%, а во однос на март 2024 година девизните резерви се зголемени за 11,7%.